**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Чаир на ул.Македонско Косовска Бригада**

Скопје, Февруари 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Чаир на ул.Македонско Косовска Бригада

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Чаир на ул.Македонско Косовска Бригада и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

### Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 10.000.000,00 денари со вклучен ДДВ,.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 10.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, од подпрограма ЈДА 482.

Општина Чаир во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови и издавање за сите потребни дозволи пред започнување на изведбата.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се

уредуваат градежни работи од ваков тип и работите предмет на оваа одлука ќе ги изведат ЈП Улици и Патишта – Скопје и Ј.П.Паркови и зеленило - Скопје.

Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Чаир, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2023година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Чаир како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Чаир на ул.Македонско Косовска Бригада потребни се 10.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.